Бр**. 20-496/1**
Скопје, 28.04.2023 година

Врз основа на член 22 став 2 од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија бр. 02-302/6 од 25.03.2022 година, Централната изборна комисија на Стоматолошката комора на Македонија го објавува следното

И З В Е С Т У В А Њ Е

Претседателот на Стоматолошката комора на Македонија донесе Одлука бр.02-244/1 од 03.03.2023 година, со која се распишани избори за членови на Регионални одбори, делегати во Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија.

Гласањето за избор на членови на Регионални одбори и делегати во Собранието на Стоматолошката комора на Македонија ќе се спроведе на ден **04.05.2023 година**, од **10:00 до 15:00 часот** во сите Регионални одбори на Комората, на избирачките места определени од ЦИК, на предлог на соодветната регионална изборна комисија и тоа:

1. **Регионален одбор Делчево -** во просториите на Здравствен дом Делчево, втор кат;
2. **Регионален одбор Битола** – во просториите на Црвен крст Битола, а во РЕСЕН -Кафе бар ,,Порта,,- градски плоштад Ресен;
3. **Регионален одбор Велес -** во просториите на ЈЗУ Здравен дом - Уред (едукативен центар) Велес;
4. **Регионален одбор Гевгелија -** во просториите на Општа болница Гевгелија;
5. **Регионален одбор Гостивар -** во просториите на Здравствен дом Гостивар,а во Дебар-Пицерија Морена;
6. **Регионален одбор Кавадарци-**во City Art Cafe-Плоштад Кавадарци;
7. **Регионален одбор Кичево-**во Дом на култура ,,КОЧО РАЦИН" (мала сала);
8. **Регионален одбор Кочани -** во ЈЗУ Општа болница-Кочани;
9. **Регионален одбор Куманово –** ПЗУ д-р Митевски, бул. "3-та Македонска ударна бригада" бр. 30, Куманово, а во Крива Паланка на ул.Маршал Тито б.б во ПЗУ ГОКО ДЕНТ;
10. **Регионален одбор Охрид -** во просториите на Општина Охрид;
11. **Регионален одбор Прилеп -** во просториите на Здравствен дом Прилеп-КМЕ Центарот;
12. **Регионален одбор Струга -** во просториите на х.Београд – конгресна сала;
13. **Регионален одбор Струмица -** во просториите на Дом на АРМ Струмица;
14. **Регионален одбор Тетово -** во просториите на ЈЗУ Здравствен дом Тетово-итна стоматологија;
15. **Регионален одбор Штип -** во просториите на ЈЗУ Здравствен дом д-р Панче Караѓозов Штип, 5-ти спрат сала за состаноци, а во Радовиш – Здравствен дом Радовиш;
16. **Регионален одбор Центар -** во просториите на Поликлиника Идадија;
17. **Регионален одбор Карпош -** во просториите на Кино Ѓорче Петров (Дом за култура Ѓорче Петров);

18. **Регионален одбор Кисела Вода –** ул.Антон Попов бр. 27/1, до ординација ДЕНТА ЕС;
19. **Регионален одбор Аеродром -** во салата на Општина Аеродром;
20. **Регионален одбор Гази Баба -** во просториите на ПЗУ д-р Горан, ул.Среќко Пужалка бр.30;
21. **Регионален одбор Чаир -** во просториите на Општина Чаир;
22. **Регионален одбор Свети Николе** - во просториите на Здравствен дом Св.Николе.

Во дополнителните избирачки места (Крива Паланка, Радовиш, Дебар и Ресен) гласањето ќе трае од **10:00 до 14:00 часот**, по што гласачкиот материјал ќе се предаде на соодветната РИК, најдоцна до 15:00 часот.

Гласањето ќе се врши лично и непосредно, со важечки документ за лична идентификација (лична карта или пасош) и прикажување на единствениот бар-код од мобилната апликација на Комората. Гласањето е тајно.

Ова известување ќе се објави на веб-страната на Комората и во два од дневните весници (македонски и албански) кои се дистрибуираат на територијата на цела држава.

Скопје, 28.04.2023 година

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Централната изборна комисија
Претседател,
д-р Ненад Цветановски